# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Осмото продолжение на Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 јануари 2004 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници,

Продолжуваме со работа по Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љупчо Мешков, Елеонора Петрова Митевска, Неждет Мустафа, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Ристо Пејовски, Петар Наумовски, Никола Груевски и Али Ахмети, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

**На ред е седмата точка од дневниот ред:**

**Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за телекомуникациите.**

Предлогот на законот и извештајот на Комисијата за транспорт и врски ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандмани на член 2 став 2 и на член 3 во новиот член 28-а за додавање нов став по ставот 1 и на став 2.

Пратениците Лилјана Ивановска и Зоран Шапуриќ поднесоа амандмани на член 2 за менување на став 4 и на член 2 став 4, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Томе Тромбев поднесе амандман на член 2 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Андреј Жерновски, Зоран Шапуриќ, Соња Лепиткова, Слободан Најдовски, Благој Голомеов, Роза Топузова Каревска, Лилјана Ивановска, Лилјана Поповска, Петар Апостолов и Нелко Стојановски, поднесоа амандмани на член 2 за менување на воведната реченица, за додавање нов став 3 по ставот 2 и за менување на став 6 и на член 2 за менување на воведната реченица за додавање нов став 3 по ставот 2 и за менување на став 6, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Лилјана Ивановска поднесе амандман за додавање нов член 3-а по член 3 по кој Владата е се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Пред тоа, повелете господине Најдовски процедурално.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Јас се извинувам, но имам едно објаснување. Имаме предлог за донесување по итна постапка на законот за изменување и дополнување на Законот. Преминувате директно на амандманите, а ние воопшто сме немале расправа по овој закон. Јас се пријавив за збор во расправата за донесување на овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова е Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за телекомуникациите. Откако ќе се завршат амандманите, ќе се отвори претрес по текстот, бидејќи амандманите ќе бидат дел од текстот. Ова е предложено по итна постапка.

Вие велите дека треба да се води општа расправа по текстот.

Ве молам, овој закон беше предложен по итна постапка и беше усвоен таквиот предлог.

Во членот 177 од Деловникот на Собранието на Република Македонија се вели: “Ако Собранието го усвои предлогот Предлогот на закон да се донесе по итна постапка, Предлогот на закон се внесува во дневен ред на седница”, а не Предлог за донесување на закон. Според тоа, ќе постои и претрес, откако ќе поминат амандманите.

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, се јавувам процедурално. Еве, дури да е така како што образложувате, прочитајте го членот 162 од Деловникот и во него стои:

"На седницата на Собранието се води претрес по текстот на Предлогот на законот.

Во текот на претресот по текстот на Предлогот на законот се одлучува и за амандманите".

Значи, прво таа пракса треба да се прекине што ја имате, што и пред вас ја правеле, прво да отвориме претрес по текстот на законот, а потоа по амандманите, за да не се случува она што ни се случува, а така пропишува и Деловникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако може само една интервенција. Ние може да водиме претрес по текстот на законот, после амандманите да го изменат текстот, па повторно да водиме расправа по текстот на Предлогот на законот. Затоа гледам дека логична е оваа процедура, да се усвојат амандманите, па да имаме конечен текст, ако се усвојат, или ако не се усвојат. Да имаме конечен текст по кој ќе расправаме. Расправата по текстот на законот не е ограничена, таа ќе постои на крај, но да знаеме по кој конечен текст на законот ние ќе расправаме.

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, во дообјаснување на вашето искажување, сметам дека треба да биде онака како што кажа пратеникот Жарко Караџоски од една причина: ние дискутираме по текстот на Предлогот на законот, значи она што ни е дадено, прво дискутираме во врска со потребата дали да го донесеме тој закон, после дискутираме по текстот што ни е нам приложен, па дури тогаш во таа дискусија може да влијаеме амандманите да се прифатат или да не се прифатат. Инаку, кога вее ќе се прифатат амандманите, тоа е конечен текст, нема измени. Целта е во дискусијата по текстот на законот да влијаеме на пратениците, оние што имаат сознанија да се прифатат амандманите, да не се прифатат амандманите. Тоа е дополнителна информација врз основа на дискусијата на пратениците. Инаку, кога ќе заврши со амандманите, тоа е веќе крај, законот е таков. Што ќе дискутираме? Ние можеме да дискутираме за примена на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Никола Камчев, процедурално.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Господине претседателе, јас сметам дека е направена грешката во текстот на дневниот ред денес доставен до нас и затоа настана забуна. Денес е даден како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за телекомункациите. Во претходниот дневен ред беше Предлог за донесување на закон за телекомуникациите и заради тоа е настаната грешката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Барам пауза од 10-15 минути за да се договориме како ќе работиме, да не испадне сега секој вака да дискутира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Давам кратка пауза, а ги повикувам координаторите на консултација во салата.

(Пауза од 11,20 до 11,35 часот).

Да продолжиме со работа.

Почитувани пратеници да ве информирам дека по извршените консултации со службите и координаторите на пратеничките групи, сепак констатацијата е дека целата работа се води деловнички, што значи дека сега ќе поминеме на амандманите и откако ќе завршиме со амандманите, ќе се отвори претрес по текстот на законот. Тоа е регулирано во членот 177 од Деловникот на Собранието, кога некој закон е прифатен да се донесе по итна постапка.

Затоа, отворам претрес по амандманот на член 2 став 2, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи амандманот се прифаќа, тој станува дел од текстот на Предлогот на џзаконот.

Отворам претрес по амандманот  на член 3 во новиот член 28-а за додавање нов став 2 по ставот 1 и на ставот 2, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот станува дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на став 4, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И овој амандман станува дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 4, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Со оглед на тоа дека претходниот амандман од министерот е прифатен, а овој е во слична функција, амандманот се повлекува од тие причини, бидејќи со прифаќањето на првиот амандман е исполнета целта на амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2, поднесен од пратеникот Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се приаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува дел на текстот од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на воведната реченица за додавање нов став 3 по ставот 2 и за менување на став 6, поднесен од пратениците Андреј Жерновски, Зоран Шапуриќ, Соња Лепиткова, Слободан Најдовски, Благој Голомеов, Роза Топузова Каревска, Лилјана Ивановска, Лилјана Поповска, Петар Апостолов и Нелко Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата,

Пред да го изнесам ставот за конкретниот амандман на пратеничката група на ЛДП, сакам да изнесам неколку напомени во однос на амандманите кои ги имаме предложено како пратеничка група, односно како пратеници од ЛДП.

Имено, денес за расправа го имаме Законот за телекомуникациите кој регулира повеќе прашања. а дел од тие прашања се однесува и на цените на телефонските услуги кои ги плаќаат граѓаните на Република Македонија и слободно можеме да кажеме дека ноќна мора е за секој граѓанин на Република Македонија кога ќе ја добие цената на телефонските услуги односно телефонската сметка што настана од потпишувањето на договорот за продажба на телекомуникациите на Република Македонија па наваму.

Со предложените амандмани, како пратеничка група на ЛДП, настојуваме да предложиме неколку решенија кои ќе ја подобрат состојбата на граѓаните на Република Македонија во однос на ова прашање. Иако свесни дека тоа наидува на тешкотии, со оглед дека е потпишан таков договор при продажбата на телекомуникациите на Република Македонија, со кој договор е нанесена директна штета на граѓаните на Република Македонија за еден подолг период. Велам иако таков договор е потпишан, ние како пратеничка група, како ЛДП ќе се ангажираме на сите полиња, преку сите институции максимално можно да ги заштитиме граѓаните.

Во оваа прилика морам да кажам, иако денес донесуваме закон за изменување и дополнување на Законот за телекомуникациите, иако има најави за донесување на целосно нов закон кој ќе ја регулира оваа област, мора да бидеме свесни и за тоа дека потпишаниот договор за продажба на Македонски телекомуникации е издигнат над законите во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Најдовски ако може да зборувате за амандманот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот е во прилог на тоа. Мислам дека воопшто не бегам од темата.

Затоа, сакам да кажам дека тој договор кој е потпишан на штета на граѓаните на Република Македонија директно влијае и на усвојувањето на овие амандмани кои ние ги поднесуваме.

Во оваа прилика, сакам да кажам дека со тој договор не само што е оневозможено било какво монополско влијание на Македонски телекомуникации, туку напротив, со тој договор толку се заштитени што и овие измени што сега ги

носиме нема којзнае колку да ја подобрат ситуацијата. Но повторувам, со овие амандмани кои ние ги поднесуваме настојуваме таа можност да ја подобриме. Имено, деновиве ќе се соочиме и со други проблеми кои можеби ќе бараат изменување и на други законски решенија. Да споменам само еден пример. Во Битола е укината службата 988 или службата за информации и вработените сега се пуштаат во Велес да работат, а некој ќе ми каже дека ги заштитил работниците при потпишувањето на договорот. Но со ова, со ваквата можност некој им создава услови на тие вработени да си одат.

Затоа, ние како пратеничка група во однос на цените на телефонските услуги поднесовме неколку амандмани.

Првиот амандман, за кој сега е отворена расправа, се однесува на делот кој го регулира плаќањето на надоместок или таканаречената фиксна претплата на телефонските услуги. Морам да ви кажам дека со овој амандман побаравме целосно ослободување од фиксната наплата, но образложението и вистината е тоа дека со договорот кој е потпишан при продажбата на Македонски телекомуникации, со усвојувањето на ваков амандман ќе нанесеме директна штета на Република Македонија и дека од Буџетот на Република Македонија, тој што го потпишал овој договор, потпишал дека ќе се плаќаат овие надоместоци.

Од тие причини, ние овој амандман го повлекуваме, додека амандманот во кој предлагаме, а тоа е следниот амандман и ќе дојде расправата и по него, со кој предлагаме да има во фиксната претплата дел од импулсите. На тој амандман остануваме и ќе расправаме по него кога ќе дојде на ред.

Сакам да заклучам дека во Република Македонија граѓаните на Република Македонија плаќаат толку високи сметки само заради лошо потпишаниот договор, со кој сметам дека веќе се издадени националните интереси на Република Македонија во оваа област.

Значи овој амандман го повлекуваме со ова образложение.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Преминуваме на следниот амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на воведната реченица за додавање нов став 3 по ставот 2 и за менување на став 6, поднесен од пратениците Андреј Жерновски, Зоран Шапуриќ, Соња Лепиткова, Слободан

Најдовски, Благој Голомеов, Роза Топузова Каревска, Лилјана Ивановска, Лилјана Поповска, Петар Апостолов и Нелко Стојановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа, молам дали некој бара збор?

Повелете г-споѓа Иванова.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВА:

Почитувани колеги, почитувани претставници на Владата,

Најнапред сакам на Министерството да се заблагодарам за прифаќањето на претходниот амандман, за кој што немав прилика да кажам. Во прифаќањето на доставување редовен месечен преглед со кој што ќе се скратат маките на граѓаните при долгите процедури при докажување на телефонските разговори на кои што последниот период имаше големи исклучувања и тие сега ќе можат по судски пат тие права да си ги остварат.

Во делот на предложениот амандман најнапред во контекст на предложениот амандман основните одредби од постојниот закон за телекомуникации кои се предмет на измена на денешниот дневен ред. Тоа е да им се овозможи на граѓаните на Република Македонија недискриминаторен пристап во современи, ефикасни и висококвалитетни телекомуникацискик услуги. Средства и опрема по разумни цени базирани на трошоците.

Да се утврди регулативна и економска основа за воведување пазарна конкуренција во телекомуникациската област.

Со предложените измени во член 2 од Законот каде што е предложен овој амандман на пратеничката група на ЛДП се регулира заштита на корисниците на телекомуникациски услуги и затоа жал ми е што Владата не го прифати овој амандман и ние како ЛДП сметавме дека имаше простор да се прифати овој амандман со цел заштита на граѓаните на Република Македонија и последниот наплив на масовни исклучувања на високите телефонски сметки.

Во амандманот кој го предлагаме како пратеничка група на ЛДП, ќе го цитирам предлогот на амандманот, давателот на јавна телекомуникациска услуга е должен во рамките на месечен надоместок во фиксната телефонија да вклучи бесплатно

минимум 150 импулси а месечниот надоместок на фиксната телефонија треба да изнесува максимум 6 евра во денарска против вредност сметана по средниот курс на Народната банка на Република Македонија . На тој начин вклучувањето во мрежата, телефонската мрежа во која вложуваат сите граѓани на Република Македонија сметаме дека имаат право половина од месечната претплата да биде за одржување, додека половината од месечната претплата да бидат вклучени телефонските импулси. На тој начин ќе се заштитат сите граѓани на Република Македонија во функција на заштита на потрошувачите.

Исто така, сакам да потсетам дека овој закон кој е предмет на измена и дополнување на Законот од 1998 година требаше да обезбеди либерализација на телекомуникацискиот простор и услуги, меѓутоа, договорот склучен 2000-та година за продажба, коцесискиот договор е спротивен на националните интереси на Република Македонија  склучен од екс министерот г-динот Груевски и ги запечати правата на граѓаните.

Ваквата амандманска расправа и интервенција сметаме дека ќе биде во функција на заштита на граѓаните на Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави министерот за транспорт и врски Агрон Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Јас би се задржал и објаснил во врска со амандманите кои не се прифатија од страна на Владата.

Прво, што се однесува до амандманот со кој се бараше на корисниците да им се доставува детален месечен преглед за извршената услуга, заедно со месечната сметка, деталните сметки со евидентирање на сите телефонски разговори ќе значат печатење на повеќе десетици илјади страници за секој претплатник, а со оглед дека би требало да се доставува до приближно милион претплатници, преставува нерационален преголем трошок.

Од друга страна претплатниците кои вообичаено добиваат одеднаш месечни износи на сметки немаат потреба и интерес од добивање на детални сметки заради нивно анализирање, но исто така се остава простор со постојните измени на баање на граЃаните овие сметки не по автоматизам туку по барање да можат да се достават со одредени прегледи на сите разговори граѓаните што ги вршеле за извршената услуга.

Што се однесува до другиот амандман кој исто така не се прифаќа, а поднесен од пратеничката група на ЛДП јас би објаснил дека во врска со телефонската

претплата знаеме дека една категорија на услуга што ја обезбедува давателот АД Македонски Телекомуникации според договорот за концесија и актот за поврзување во таа содржина има еден паќет на 13 услуги, така што не може да се исклучи со закон, бидејќи тарифите се ексклузивни права, се пресметуваат со примена на формула во која и претплатата е предвидена како елемент односно вид на услуга која се калкулира во цената на услугите. Имено, формулата е базирана на контролен процес кој треба да биде еднаков со индексот на трошоците на живот зголемен за 6% поени. Секоја промена во начинот на пресметување ја нарушува вкупната вредност на пакетот на услуги, а од друга страна со актот на обврзување државата се обврзува да ја гарантира континуиранаата примена да вакviот принцип на пресметка на тарифите, дури истекот на ексклузивните права со 31.12.2004 година, согласно договорот за концесија и актот за обврзување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Балковски, процедурално.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Претседателе, сакате да реагирате на настапите на пратениците затоа што на дневен ред денеска е Предлогот на законот за измена на законот за телекомуникација а не е договорот за Македонски телекомуникации.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, тоа ќе го направам.

Процедурално повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислам дека со ова што го кажа сега министерот, јас не разбрав, мислев дека амандманот од пратеничката група т.е. од Лилјана Иванова и Зоран Шапуриќ. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам ова не е процедурално, ова е дискусија.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Прифатен, а сега по објаснуањето на министерот испаѓа дека не е прифатен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Мавровски, па не е процедурално, тоа е дискусија по амандманот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добро, нека биде дискусија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, ама не сте на ред.

Г-дине Шапуриќ повелете имате збор по амандманот.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почтуван претседателе, почитуван г-дин министре, колеги пратеници,

како што кажа г-динот Најдовски претходнмиот амандман беше повлечен само од причини да не се нанесе штета на Република Македонија .

Г-динот Буџаку во своето излагање кажа дека деталната сметка ќе предизвика одредени трошоци. Се согласувам, меѓутоа како што кажа г-динот министер за оние мали потрошувачи, значи кои имаат мали сметки, трошокот е минимален. Обратно пак, за некои кои направиле големи трошоци по однос на таа сума, деталната сметка воопшто не е некој голем трошок. Освен тоа, да се потсетиме дека од прет година ипол дена Македонски Телекомуникации, односно Телеком наплаќа манипулативен трошок, ако тој трошок не е за овие работи, за што би бил тој манипулативен трошок.

Ние првиот амандман го повлековме, но вториот, кој што се ублажува и за кои што сметаме дека ќе биде во интередс на корисниците, во интерес на потрошувачите, но свесни за државниот интерес, свесни за обврските од основниот договор и од друите анекс договори сметаме дека фактички само половина од оваа сума ќе оди односно ќе биде вклучена во импулсите, односно другата половина ќе оди за други трошоци. Ако се земе плус манипулативниот трошок, значи не станува збор за некоја штета, а најмалку ќе биде оштетен АД Македонски Телекомуникации, бидејќи еден од основните постулати, сите го знаеме и економисти и било кои други на економијата е дека од јавен монопол има еден уште полош монопол, а тоа е приватен монопол. Ние сме свесни за договорот, свесни за штетните последици, меѓутоа, се обидуваме до оној период до 2005 година да ги ублажиме овие последици. Очигледно овој што реагира и другите пратеници дека само овде не може да се исцрпи целата тема и ние би го замолиле министерот за транспорт и врски односно Владата бараната информација на пратеничката група на ЛДП во врска со состојбите во Телекомуникациите и сите овие работи за кои зборуваме да биде што побрзо ставена во процедура за да може парламентот конечно, не само во овие случаи кога се разгледува закон или амандмани целосно да ја претресе состојбата во телеком.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани пратеници.

Дискутираме по овој амандмана предложен од страна на ЛДП т.е. Пратеничката група меѓутоа, како претседател на Комисијта за транспорт и врски и екологија би морал да нагласам некои моменти кои се битни во однос на усвојувањето или не на овој амандман.

Начелно нашата пратеничка група, Пратеничката група на СДСМ ги поддржува ваквите амандмани кои одат во прилог на граѓаните на Република Македонија, но битно е во овој случај, да нагласам дека истата логика која што беше поврзана со претходниот амандман, кој пратеничката група на ЛДП го повлече.

Имено, покрај договорот за концесија има уште еден акт кој што е потпишан, за жал г-динот Груевски, како потписник на истиот акт не е присутен, а тоа е актот за обврзување. Согласно тој акт доколку има некој причинителен настан, а причинителниот настан е во врска со измена на Законската регулатива која ќе има финансиски импликации на нето загубата на операторот во време на ексклузивниот период, а тоа е до крајот на 2004 година тогаш државата е должна да ги надомести сите загуби на операторот. Во тој случај, доколку се прифати овој амандман, би морал да свртам внимание дека обврската на државата ќе биде приближно околу 50 милиони евра, така да при гласањето за овој амандман треба сите да го имаме предвид, бидејќи ако не плаќаат граѓаните за оваа услуга тогаш таа индиректно ќе бидеј упатена преку Буџетот.

Уште еднаш потенцирам дека ова треба да го знаеме при нашето гласање за овој амандман. Тоа би било во врска со овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине.

(За реплика се јавуваат некои говорници).

Нема реплика на амандмани ве молам.

Повелете г-дине Мавровски имате збор за амандманот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Слушајќи го министерот и претходно слушајќи го вас за амандманите членот 2 став 2, предложен од г-динот Зоран Шапуриќ и Лилјана Иванова, колку што слушнав министерот го прифати. Во самата дискусија, сега во образложувањето испаѓа дека тој амандман не е прифатен и затоа барам објаснување дали е прифатен или не е прифатен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа беше друг амандман се извинувам г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Многу е клучно и битно затоа што и господата од Либералната партија кажа како тој амандман да е прифатен, но по говорот на министерот, еве и стенографските белешки да ги побараме ќе видите дека тој не е прифатен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, има збор г-споѓата Лилјана Иванова.

Процедурално бара збор г-динот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Г-дине претседателе, чисто процедурално.

Господата од ВМРО-ДПМНЕ секогаш реагираат кога ќе се спомне само ВМРО или само ДПНЕ, и молам да интервенирате и вие и г-динот Мавровски сега, овие амандмани не се на Либерална партија туку се на Либерално демократската партија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во право сте. Јас исто така само ова. . .

(Г-динот Спиро Мавровски бара збор.

Не, нема тука ни процедурално.

Повелете г-ѓа Лилјана Иванова.

Ве молам почитувајте ги имињата прави на партиите и така да сеословуваме.

(Спиро Мавровски - во ред, може и да се извиниме).

ЛИЛЈАНА ИВАНОВА:

Благодарам за интервенцијата на колегата Слободан Најдовски околу ЛДП. Во право е господинот Спиро Мавровски, убаво прашува околу дилемата за прифатениот амандман, кој го прифати Владата кој јасно е дефиниран во текстот на амандманот што го добивте и за кој што дискутиравме.

Се јавив за збор во врска со дискусијата на г-динот Тромбев кој што спомна 50 милиони евра. Јас и господинот Шапуриќ во март или април месец доставивме барање до Владата за информација за состојбите и контролата од страна на Владата за работењето на телекомуникации и за тие 47% сопственост во македонски телекомуникации кои што ја обезбедуваат таа позиција на Владата.

Во делот на 50-те милиони е вра мислам дека е сума за шпекулација, затоа што месечната претплата која сега изнесува 5 евра на годишно ниво треба да изнесува некаде 24 милиони евра при 100% наплата. Какви се тие 50 милиони евра за штета на државата и сметаме дека Владата треба да го преиспита својот став околу ова прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор?

(Господинот Томе Тромбев бара збор)

Ве молам, не водиме полемика дали 50 или 40 милиони евра. Секој си го испитува ставот за својот амандман.

Повелете г-дине министер.

АГРОН БУЏАКУ:

Заради објаснување до пратеникот г. Мавровски, значи пратениците на ЛДП г-ѓа Ивановска и г. Шапуриќ предложија два амандмани. Првиот кој вели дека во членот 2 став 4 тие предлагаат да се менува и да гласи: давателот на јавна телекомуникациска услуга е должен да му овозможи на корисникот на јавна телекомуникациска услуга детален редовен месечен преглед за извршената услуга без надоместок и има обврска прегледот да го доставува со месечна сметка за услугата. Овој амандман јас се произнесов во име на Владата не се прифаќа заради причините што јас ги наведов. Од друга страна втриот амандман каде што се предлага во членот 2 став 4 зборовите: "каде што е технички можно" се бришат. Тој амандман се прифаќа. Значи, се работи во членот 2 за истиот став , па можеби и заради тоа недоразбирање од страна на г. Мавровски.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Јас пак се извинувам, бидејќи како претседател на Комисијата за трнаспорт и врски морам да укажам на овие моменти. Би го прочитал претходниот амандман кој што ЛДП го повлече. Давателот на јавна телекомуникациска услуга неможе од корисникот на јавна телекомуникациска услуга да наплати фиксен надомест. Тоа е во ред и го повлековме. Овој амандман гласи: "давателот на јавна телекомуникациска услуга е должен во рамките на месечниот надоместок во фиксна телефонија да вклучи бесплатно минимум 150 импулси, а месечниот надоместок за фиксна телефонија треба да изнесува максимум 6 евра во денарска противредност пресметана по средниот курс на Народна банка на Република Македонија . Вие викате и точно е тоа дека околу 5 евра е досегашната претплатата. Сега тука виката шест. Меѓутоа, уште еднаш сакам да ве упатам на документот кој што е потпишан од страна на г. Никола Груевски во кој што ќе ја цитирам само точка 5, која гласи: Доколку со правилна примена на законите на Република Македонија ексклузивниот период во врска со сите, или било која ексклузивна услуга и мрежа биде намалена така што истекува на датумот кој што претходи на 31 декември 2004 година, или пак

правата на македонски телекомуникации во врска со сите, или било која ексклузивна услуга и мрежа се изменат, или поништат пред 31 декември 2004 година, причинителен настан, тогаш под услов македонски телекомуникации да ги преземат сите можни мерки за ублажување на влијанието на било кој ваков причинителен настан врз нивното работење, Република Македонија прифаќа одговорност за и ќе им надомести на македонски телекомуникации за износот на било која докажана нето финансиска загуба која што директно произлегува од било кој ваков причинителен настан и исто така е претрпено од страна на македонски телекомуникации во периодот кој што почнува на датумот до кој што е ексклузивниот период во врска со сите, или било која ексклузивна услуга и мрежа е скратен, или од кој што ваквото менување, или поништување стапува во сила како резултат на било кој ваков причинителен настан и завршува на 31 декември 2004 година. Несомнено овој акт македонските граѓани ги носи во многу подредена положба. За жал овој акт го презел некој функционер од Република Македонија . Јас и го посочив неговото име кој е потписник на овој акт. Битно е Собранието при усвојувањето да ги има во предвид консеквенциите кои што можат да се јават при спроведување на овој амандман, а тоа е промената на законската регулатива која што тука е нагласена како причинителен настан.

Јас во моите консултации со македонски телекомуникации добив една округла бројка дека ваквата промена би била околу 50 милиони евра на годишно ниво.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Дали г-динот Тромбев се јавува од лично име, од име на пратнеичка група, од име на Комисија, оставам тој да си процени. Се разбира дека партијата која што го предлага ова си имала свои консултации со експерти и со луѓе кои што се во тоа претпријатие и кои што се стручњаци во оваа област. Прашањето е кој со кого очигледно разговара. Претпоставувам г. Тромбев разговарал со луѓе кои што сметаат дека ќе има таква штета, претпоставувам дека ЛДП зборувала со луѓе кои што сметаат дека нема да има толкава штета. Јас би замолил само не повеќе од 15 минути пауза, да го побараме стенограмот, затоа што навистина ние сме збунети од тоа дали се прифатени, или не се прифатени претходните амандмани. Сметам дека интервенцијата од нашите колеги е во ред. Јас би замолил кратка пауза да ги добиеме стенограмите, да видиме што прифатило Министерството, а што не прифатило.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза од половина час, за тој дел околу последните ваши два амандмани.

(пауза од 12,10 чассот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со расправата.

Има збор министерот за транспорт и врски господинот Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Во името на Министерството за транспорт и врски, јас го повлекувам Законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Констатирам дека Законот е повлечен.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 45-тата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 13,05 часот)